**20240270578**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација и член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ПРИ РАСПРЕДЕЛБА НА СТОКИ ВО РАМКИ НА ТАРИФНИ КВОТИ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти за преференцијален увоз согласно Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина, Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација (во натамошниот текст: стоки).

Член 2

При увозот на стоките од член 1 на оваа одлука плаќањето на увозните давачки се врши согласно билатералните и мултилатералните договори за слободна трговија, Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Спогодбата за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Протоколот за пристапување на Република Македонија во Светската трговска организација.

Член 3

При увозот на стоките од член 1 на оваа одлука ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), во согласност со склучениот договор и спогодба за слободна трговија и протокол во чии рамки е договорен преференцијален увоз на тарифни квоти.

Член 4

Листите на стоки со квартално утврдени количини за кои се врши распределба се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“ еднаш годишно од страна на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

Неискористените количини на стоките на крајот на секој квартал се пренесуваат во првиот нареден квартал како дополнување на утврдената количина на стоки од листата на стоки на тарифни квоти.

## II. ПОСТАПКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СТОКИТЕ ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ КОРИСНИК

Член 5

За стоките што подлежат на користење на преференцијал увоз во рамки на тарифни квоти се поднесува електронска царинска декларација со соодветно пополнет податок за број на секоја поединечна квота, што се смета за валидно барање за распределба на тарифни квоти.

Електронската царинска декларација од став 1 на овој член преку Електронскиот систем за обработка на декларации и акцизни документи (во понатамошниот текст: СОЦДАД) се поднесува до една од следниве царински испостави:

| Име на царинската испостава | Шифра |
|---|---|
| I. ЦАРИНАРНИЦА СКОПЈЕ | MK001000 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 1 | MK001010 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 3 | MK001013 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 4 | MK001014 |
| Царинска испостава СКОПЈЕ 2 | MK001015 |
| Царинска испостава БЛАЦЕ - Отсек за стоков промет | MK001075 |
| II. ЦАРИНАРНИЦА КУМАНОВО | MK002000 |
| Царинска испостава КУМАНОВО | MK002010 |
| Царинска испостава ТАБАНОВЦЕ АВТОПАТ-Отсек за стоков промет | MK002030 |
| Царинска испостава ДЕВЕ БАИР - Отсек за за стоков промет | MK002050 |
| III. ЦАРИНАРНИЦА ШТИП | MK003000 |
| Царинска испостава ШТИП | MK003010 |
| Царинска испостава ДЕЛЧЕВО - Отсек за за стоков промет | MK003030 |
| Царинска испостава ВЕЛЕС | MK003050 |
| IV. ЦАРИНАРНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | MK004000 |
| Царинска испостава ГЕВГЕЛИЈА | MK004020 |
| Царинска испостава КАВАДАРЦИ | MK004040 |
| Царинска испостава СТРУМИЦА | MK004050 |
| Царинска испостава НОВО СЕЛО - Отсек за стоков промет | MK004060 |
| V. ЦАРИНАРНИЦА БИТОЛА | MK005000 |
| Царинска испостава БИТОЛА | MK005010 |
| Царинска испостава МЕЏИТЛИЈА - Отсек за стоков промет | MK005020 |
| Царинска испостава СТРУГА | MK005060 |
| Царинска испостава ЌАФАСАН- Отсек за стоков промет | MK005070 |

Член 6

Царинската управа врши распределба на тарифните квоти секој работен ден во 15 часот преку Електронскиот систем за интегрирана тарифна околина (во понатамошниот текст: ИТО).

Прифаќањето на електронските царински декларации се врши согласно член 216 став (7) од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон.

Сите електронски декларации за тарифни квоти поднесени во текот на еден календарски ден подеднакво конкурираат за распределба на преостанатата тарифна квота.

Ако количините кои се бараат за распределба на тарифната квота се поголеми од количината која што е на располагање, распределбата се врши пропорционално на количините кои се барани на истиот датум.

Член 7

Стоките кои се наоѓаат во транзитна постапка, кои биле привремено чувани или кои се наоѓале во постапка на царинско складирање во претходна календарска година може да учествуваат во распределбата на тарифни квоти за тековната календарска година.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Со денот на отпочнување на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот и постапката при распределба на стоки во рамки на тарифни квоти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-611/11
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.